# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ТЕРЕНСКИ ИСТРАЖУВАЧИ/АНКЕТАРИ

Центарот за истражување и анализа НОВУС објавува повик за ангажирање на **двајца анкетари за спроведување теренско истражување** кои ќе спроведат на истражување на **јавното мислење во заедницата за приоритетни еколошки проблеми во струмичкиот микро-регион,** во рамките на проектот „Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание" за период од две недели.

## ЗА ПРОЕКТОТ

Со планираните активности, овој проект ги истражува и промовира одржливите практики, управувањето со програми за животната средина на четирите општини од струмичкиот микро-регион (Босилово, Ново Село, Василево и Струмица), како и ангажманот на заедницата во струмичкиот микро-регион, со фокус на унапредување на зелените политики, справување со еколошките предизвици и поттикнување колективна одговорност за позелена иднина.

Проектот „Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание", имплементиран од Здружение Центар за истражувања и анализи НОВУС Струмица, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Младински активизам за позелени општини, имплементиран од Македонско здружение на млади правници, Go Green - Биди Зелен Скопје, Центар за климатски промени и Младинска Асоцијација Креактив Кавадарци, финансиски поддржан од Европската унија.

**Цели на проектот:**

- Зголемена свест и разбирање за постоечките зелени политики и програми.
- Идентификување на приоритетните еколошки проблеми и ангажирање на заедницата.
- Поттикнување на координација и соработка меѓу засегнатите страни
- Примена на добри пракси и политики во Струмичкиот микро регион
- Зголемена ангажираност на властите за заштита на животната средина
- Зголемена ангажираност на заедницата за колективни приоднеси за заштита на животната средина
- Зголемена вклученост на населението во процеси на креирање политики на локално ниво поврзани со заштитата на животната средина
- Воспоставена соработка со останати граѓански организации, локална власт и други релевантни чинители за развој на заедницата.
- Зголемено учество и влијание на младите и младинските организации во политиките поврзани со заштитата на животната средина.
- Зајакнат капацитет на младинските организации за застапување пред локалните власти за еко-проблеми

**Задачи и одговорности на анкетарите:**

Работната задача се состои во извршување на анкета „лице в лице“ со помош на компјутер/таблет/мобилен уред во градски и рурални населби. Анкетирањето ќе се врши преку репрезентативен примерок на популацијата на Струмичкот микро регион. (ќе бидат спроведени вкупно 150 прашалници со цел постигнување на релевантна анализа, од кои 60 испитаници од општина Струмица и по 30 испитаници од општините Ново Село, Василево и Босилово).

**Кандидатите кои ќе се пријават на овој повик, потребно е да ги исполнуваат следните критериуми:**

**Задолжителни критериуми:**

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку средно образование
- познавање на работа со персонални компјутери/таблет/мобилен уред
- искуство во спроведување на анкета „лице в лице“ со помош на компјутер/таблет/мобилен уред

**Предност при избор на кандидати:**

- претходно работно искуство како анкетар;
- високо образование

Заинтересираните кандидати треба се пријават најдоцна до 05.12.2023 година со испраќање на вашето CV, со назнака на мејл **„Пријава за анкетар - Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание“** на zdruzenienovus@gmail.com

По завршувањето на повикот ќе бидат контактирани само избраните лица.

За дополнителни информации можете да се обратите на zdruzenienovus@gmail.com